Имајќи ги предвид податоците за неписменото возрасно население во светски размери, описменувањето на возрасните како глобална активност се наметнува како неопходност. Заложбите на светските образовни организации, меѓу кои и УНЕСКО, зборуваат за сериозноста и длабочината на проблемот кој не може да се надмине со брзи и палијативни интервенции. Денес, евидентно е дека станува збор за појава која во голема мера ја погодува и Република Македонија и која доколку сакаме да ја надминеме ќе треба да вложиме големи напори, вештини и упорност на сите фактори вклучени во еден сеопфатен и добро организиран процес.

## 2. Системска и програмска конципираност на описменувањето на возрасните во рамките на основното образование за возрасни

Во Република Македонија постои нееднаквост во ставовите на експертите за дефинирање на писменоста, односно, кои се критериумите според кои луѓето се сметаат за писмени или неписмени.

[1] University Ss Cyril and Methodius – Skopje, Faculty of Philosophy - Skopje, Republic of Macedonia, elenarizova@fzf.ukim.edu.mk
[2] University Ss Cyril and Methodius – Skopje, Faculty of Philosophy - Skopje, Republic of Macedonia, zoran@fzf.ukim.edu.mk

Иако владее мнението дека писменоста во Република Македонија се дефинира како „оспособеност на возрасниот да чита, пишува и смета (собира, одзема, множи и дели) и да ги применува стекнатите знаења, вештини и способности во секојдневниот живот“,[1] сепак, официјалната дефиниција според која ќе се раководиме во толкувањето на писменоста, а според тоа и за неписменоста, е дефиницијата на УНЕСКО-виот Институт за статистика, каде официјалното толкување на писменоста во Република Македонија се врши според Пописот на населението од 2002 година: *„Секоја личност која завршила повеќе од три одделенија од основното образование се смета за писмена. За писмена ќе се смета и онаа личност без училишна квалификација, но со завршени 1-3 одделенија, која ќе знае да чита и пишува одредена композиција (текст) поврзан со секојдневниот живот (да знае да прочита и напише писмо без оглед на јазикот и азбуката). Односно, доколку личноста нема образование или, пак, завршила само 1-3 одделенија и не знае да прочита и напише композиција (текст) поврзан со секојдневниот живот (да прочита и напише писмо), тогаш таа личност ќе се смета за неписмена“.*[2]

Оваа дефиниција сама по себе имплицира на формалниот карактер кој го има писменоста на возрасните во Република Македонија, а кое е врзано со основното образование за возрасни. Во Република Македонија, според Законот за образование на возрасните, основното образование за возрасните се изведува во специјализирани училишта и институции според соодветни наставни планови и програми.

Според Законот за образование на возрасните[3], наставата во основното образование за возрасните се изведува според посебни наставни програми кои ги донесува установата, односно институцијата за образование на возрасните. Во член 20 од Законот, се наведува дека освен што *програмите за образование на возрасните* можат да се изведуваат преку редовна настава, консултативно-инструктивна настава и дописно-консултативна настава, можат да се остваруваат и преку отворена настава, теленастава, настава на далечина, мултимедиска и на друг соодветен начин. Мора да се признае дека последните форми сѐ уште не заживеале во андрагошката практика и не се среќаваат често во институциите за основно образование на возрасни.

Програмите, пак, можат да ги реализираат наставници, професори, инструктори за практична настава и стручни соработници. Кадарот кој учествува во образованието на возрасните треба да се стекне со посебна подготовка за работа со возрасни, која се организира во соодветни установи и институции. Тие, исто така, имаат право и обврска на постојано стручно усовршување, како и усовршување во работата со возрасните.

Учесници во програмите можат да бидат сите лица кои имаат навршено 15 години и ги исполнуваат другите услови пропишани со програмите. Исто така, возрасните имаат законска обврска да потпишат соодветен договор со установата која ја реализира образовната активност, со што се стекнуваат со статус на *учесник во програма за образование на возрасни.* За знаењата, вештините, способностите и компетенциите стекнати од посебните програми за образование на возрасните се добива сертификат. Исто така, во програмите за реализација на основното образование на возрасните им е овозможено на оние кои поседуваат одредени знаења, вештини и способности, но не и сертификат за тоа, да ги докажат полагајќи соодветни испити во соодветни установи за основно образование. Со тоа им се овозможува да им се признае неформалното образование и учење, како и богато животно и работно искуство со кое располагаат возрасните луѓе.

Освен преку програмите што ги реализираат основните училишта за возрасни на територијата на Република Македонија, постојат и поинакви програми, кои, пред сé, имаат ремедитивна функција: *програми за дооформување на основното образование на возрасните* (за оние лица кои од која било причина го прекинале редовното школување) и *програми за паралелно дооформување на основното образование на возрасни и на стручно оспособување* (која им овозможува на невработените лица покрај основното образование да се стекнат со стручна квалификација од најнизок степен).

---

[1] Национален извештај – Развој и состојби во образованието и обуката на возрасните во Република Македонија, CONFINTEA VI, Шеста меѓународна конференција за образование на возрасни, 2008, стр. 41.

[2] Дефинирање на писменоста во Република Македонија според УНЕСКО-виот Институт за статистика (UNESCO Institute for Statistics (2011), *Education Indicators and Data Analyses*, UNESCO).

[3] Министерство за образование и наука на Република Македонија (2008),*Закон за образование на возрасните*, Членови 17 и 18, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08.

Наставните планови и програми во основното образование на возрасните се распоредени во осум образовни циклуси со времетраење од четири години. Во рамките на една учебна година, возрасните завршуваат два, наместо еден образовен циклус, каков што е случајот кај децата од основното образование. На тој начин, основното образование на возрасните се скратува на половина споредено со основното образование на децата, а, сепак, се признава како регуларно завршено основно образование. Меѓутоа, имајќи ги предвид семејните, работните и другите ангажмани со кои возрасните секојдневно се соочуваат, останува предизвик да се задржат во „училишните клупи“ подолго време, особено доколку образовниот процес не покаже веднаш видливи ефекти.

Наставниот план е изготвен според истата методологија како и наставниот план за децата од основното образование, базирајќи се на одреден соодност меѓу задолжителни, изборни и факултативни предмети чии содржини, главно, се исти со содржините за децата од основното образование и отстапуваат од интересите на возрасните слушатели. Голем проблем претставува и недостатокот од учебни помагала, кои најчесто се преземаат од редовното образование на децата и не се прилагодени кон специфичностите на возрасните слушатели. Тоа истовремено претставува една од поголемите пречки која предизвикува незаинтересираност и демотивација кај возрасните за учење.

Во основното образование на возрасните се нудат *три модела на наставни планови* од кои два се за редовна настава и еден за подготвителна настава:

- Наставен план за адолесценти од 15-24 годишна возраст (кој трае 4 учебни години);
- Наставен план за возрасни над 24 годишна возраст (кој исто така трае 4 учебни години, но е со редуциран број на наставни предмети и часови седмично. Тоа се должи, пред сé, на сознанијата за специфичните потреби, животни и работни обврски на возрасните над 24 години);
- Наставен план за подготвителна/консултативна настава со возрасни (кој е наменет за оние возрасни кои имаат одредени елементарни предзнаења за читање, пишување и сметање и се оспособени за самообразование со одредена помош, вработени се и не се во можност да ја следат редовната настава).

Елаборирајќи го прашањето за неписменоста во Република Македонија, неминовно е да укажеме на статистичката слика на (не)писменоста. 26,09% од активното население над 15 годишна возраст во земјата поседува неповолно образовно ниво, односно 0,72% се без образование, 3,48% се со незавршено основно образование и 21,89% се со основно образование. Соодносот меѓу мажите и жените со неповолно образовно ниво е прикажан во табелата подолу:

**Табела бр. 1: Активно население над 15 години според училишна подготовка**[1]

| **Школска подготовка** | **Активно население** | |
|---|---|---|
| | 2011 | **%** |
| Вкупно | **944 216** | |
| **Без образование** | 6 789 | 0,72 |
| **Незавршено основно образование** | 32 899 | 3,48 |
| **Основно образование** | 206 730 | 21,89 |
| Мажи | | |
| Вкупно | **569 994** | |
| **Без образование** | 3 682 | 0,39 |
| **Незавршено основно образование** | 19 495 | 2,06 |
| **Основно образование** | 135 658 | 14,37 |
| Жени | | |
| Вкупно | **374 223** | |
| **Без образование** | 3 107 | 0,33 |
| **Незавршено основно образование** | 13 405 | 1,42 |
| **Основно образование** | 71 072 | 7,53 |

За статистичкиот профил на писменоста во Република Македонија единствени официјални податоци добиваме од Државниот завод за статистика кој се повикува на последниот Попис на населението од 2002 година. Податоците за процентот на неписмено население е прикажан во следниот табеларен приказ:

**Табела бр.2: Стапка на писменост изразена во проценти според Пописот на населението од 1994 и 2002 година**

| Р.Македонија | Стапка на писменост (%) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1994** | | | **2002** | | |
| | Сé | Мажи | Жени | Сé | Мажи | Жени |
| ВКУПНО | 94,04 | 97,19 | 90,94 | 96,38 | 98,29 | 94,47 |

Како што може да се види од табелата, Република Македонија во 2002 година има само 3,62% неписмено население постаро од 15 години, што компарирано со близу 6% неписмено население од 1994 година е позитивен показател. Меѓутоа, овие податоци се добиени со помош на <u>погрешен метод за собирање податоци кој се темели единствено на исказите на попишаното население за сопственото образовно ниво.</u> Со оглед на бројот на населението кое е без образование и со незавршено основно образование прикажан во Табела бр. 1, можеме да констатираме дека бројот на неписмено население е многу поголем.

Може да се заклучи дека состојбата со неписменоста во Република Македонија ја зголемува потребата од заедничка координирана акција на формалниот и неформалниот сектор во државата, односно остварување тесна соработка меѓу воспитно-образовните институции, локалната и

[1] Податоците се преземени од Соопштение на Државниот завод за статистика за 2011 година.

централната самоуправа, социјалните партнери и невладините организации во нивелирањето на неповолното образовно ниво на населението и вклучување во основното образование, притоа водејќи сметка за нивното животно и работно искуство.

### 3. Моделот на описменување на Пауло Фреире

3.1. Критичка писменост

Дефинирањето на критичката писменост неминовно се поврзува со името на бразилскиот андрагог Пауло Фреире (Paulo Freire), кој ја воздигнува на ниво на базична писменост и ѝ дава значење на револуционерна активност за консциентизација (освестување) од апатијата на недемократското живеење.

Според Фреире, критичката писменост подразбира активно учество на читателите во процесот на читање, со што се врши премин од пасивно воспriемање на текстот кон преиспитување, прашување или оспорување на напишаното од одреден автор. Таа се фокусира на моќната врска меѓу читателот и напишаното и ја промовира рефлексијата, трансформацијата и акцијата.[1] Со помош на критичката писменост луѓето се оспособуваат подлабоко да размислуваат за напишаното, да се сомневаат во неговата точност, да бараат алтернативни објаснувања како начин за подобро разбирање и усвојување на комплексниот текст.[2]

Критичката писменост ги поттикнува читателите активно да го анализираат напишаното и нуди соодветни стратегии за откривање на „скриените“ пораки во текстот. Таа е сигнификантно условена од минатите искуства кои личноста ги имала во животот. Во зависност од нив, од формираниот поглед на светот, како и од стекнатите знаења, се формира комплетна слика или претстава за прочитаното.

За поттикнување, развивање и негување на критичката писменост посебна улога има и едукаторот. Покрај неговите улоги на медијатор, фасилитатор, насочувач и стимулатор во процесот на учење, неговата основна улога е да ги научи возрасните да ја читаат и пишуваат сопствената реалност, преку нивно поттикнување да размислуваат критички за светот и да го заземат своето место во него со зголемена и луцидна свесност за нивната сопствена променлива реалност.

Од самиот почеток, Фреире ја отфрла хипотезата за чисто механистичка програма за описменување и проблемот со подучувањето на возрасните како да читаат го гледа во релација со будење на нивната свесност. Начинот, односно методот, со кој може да им се помогне на возрасните да преминат од наивна кон критичка свесност е следниот:

- преку активен дијалошки, критички и критичко-стимулативен метод;
- преку промена на програмската содржина во образованието;
- преку користење наставни техники за стимулирање на критичкото размислување.

Пауло Фреире овој метод го базира на дијалогот, кој според него претставува хоризонтална релација меѓу личностите и е спротивност на антидијалогот како вертикална (надредена) комуникација меѓу луѓето.

3.2. Значењето на зборот и јазикот во моделот за описменување на Пауло Фреире

Фреире инсистира на внесување *зборови* во програмите за описменување кои ќе доаѓаат од *„универзумот на зборот“* на луѓето кои учат, кои го изразуваат нивниот сопствен јазик, стравови, потреби и соништа. Зборовите треба да бидат проткаени со значењето на егзистенцијалното искуство на луѓето кои се описменуваат, а не со искуството на наставникот. Единствено преку истражување на *универзумот на зборот*, ќе ги дознаеме зборовите на *читањето на светот* на оние кои се описменуваат.[3]

Фреире особено значење му придава на *јазикот*, како основна алатка во процесот на описменување. Тој става особен акцент на јазикот на малцинствата, на кои им е ускратена можноста да се описменуваат на својот мајчин јазик, што е круцијално во методот на описменување на Фреире. „Да

---

[1] Freire, P. (2008). Education for critical consciousness. London: Continuum.

[2] McLaughlin, M., DeVoogd, G. L. (2004). *Critical Literacy: Enhancing Students' Comprehension of Text.* New York: Scholastic.

[3] Фреире ретко го употребува терминот неписмени луѓе, реферирајќи на негативната конотација на терминот.

се негира можноста за користење на мајчиниот јазик во процесот на описменување е исто како да се негираат правата на учениците, кои се сржта на еманципаторската писменост.“[1] Јазикот, според него, е посредничка сила на знаењето, но тој е, исто така, и самото знаење.

Според тоа, писменоста може да биде единствено еманципаторска и критичка доколку се спроведува со јазикот на народот. Со нативниот (мајчиниот) јазик учениците учат да го именуваат нивниот свет и го започнуваат процесот на менување на општествените и политички структури кои ги држат затворени во нивната *култура на тишината*.

3.3. Концепт на „банкирање“

Новиот револуционерен метод на описменување на Пауло Фреире се јавува како антитеза на дотогашниот (а и сегашен) концепт на т.н. „банкирање“ или „банковно образование“.

Според Фреире, образованието страда од „наративна“ болест.[2] Внимателната анализа на односот ученик-наставник, во и надвор од училиштето, укажува на неговиот наративен карактер. Во овој однос се вклучени *наратор* (субјект), тоа е наставникот и *слушател* (објект) кој го претставува ученикот. Содржината на образованието, пак, која е дел од оваа дидактичка триангулација, често поради нарацијата добива безживотен и петрифициран карактер.

Со зборувањето (нарацијата), наставникот има за цел да ја *наполни* главата на ученикот со содржини кои се оттуѓени од реалноста, дисконектирани од тоталитетот кој би им дал значење. Ученикот, пак, претставува „контејнер“, „сад“ или „кутија“ која треба да биде наполнета со содржини преку нивно механичко меморизирање. „Колку повеќе ќе ги наполни контејнерите, толку наставникот е подобар. Колку контејнерите ќе дозволат да бидат наполнети, толку подобри ученици ќе бидат.“[3] Образованието станува чин на депозитирање, во којшто наставникот е депозитор, а ученикот сефот.

Овој концепт на „банкирање“ во образованието ја сведува активноста на ученикот на пасивен објект, примател и чувар на информации. Колку повеќе учениците се обидуваат да ги зачуваат (меморизираат) депозитите, толку не ја развиваат критичката свест која е неопходна за трансформирање на светот во кој живеат. Колку повеќе ја прифаќаат пасивната улога која им е наметната, толку се склони кон адаптибилност на фрагментарната реалност која им е депонирана од страна на наставниците. Со ваквото образование тие стануваат *homo objectus* наместо *homo rationalis.*

3.4. Процесот на описменување

„Во општество во кое треба да се направат суштински и радикални промени, во општество каде реевалуирањето треба да се базира на интелектуална анализа, потребен е *комплетно нов образовен* систем кој ќе се фокусира на развојот на интелектуалната моќ на човекот и изградувањето на мисловни рамки кои ќе можат да се носат со товарот на скептицизмот и отфрлањето на дотогашните начини на размислување.“[4]

Овие размисли на Карл Мајнхајм ги дели и Пауло Фреире, кој своето револуционерно образование го базира на нова форма на наставна работа во т.н. *културни кружоци* кои претставуваат спротивност на формалните училишни установи.

Наспроти наметнувањето на идеи од страна на наставникот, како пасивен концепт на образование, културните кружоци ќе имаат за задача да му помогнат на возрасниот човек кој не знае да чита и пишува да премине од *наивната* кон *критичката свесност*. Наместо наставник, во културните кружоци има едукатор; наместо предавања, се води дијалог; наместо ученици, има група учесници; наспроти оттуѓувачки содржини за учење, компактни програми кои се „кодифицирани“ во лекции за учење. Во културните кружоци се учи низ дебата за теми кои можат да ги предлагаат самите учесници.

Програмата и самиот процес на описменување на возрасните на Фреире се базира на три елемента:

- на *дијалошкиот метод*, како стимулативен метод за развој на критичката свест;
- на *промената на програмските содржини* во описменувањето;

[1] Freire, P. (1987), *Literacy: Reading the Word and the World*, Westport: Bergin and Garvey, стр.151.
[2] Нарацијата според Фреире се однесува на раскажувањето, опишувањето, долгото и празно зборување.
[3] Freire, P. (2009), *Pedagogy of the Oppressed*, London: Continuum. стр.72.
[4] Mainheim, K. (1999), *Diagnosis of our time*, London: Routledge.

- користење на *техниките на тематско разгранување* и *кодифицирање* на наставните содржини.

При изготвувањето на програмата за описменување, Фреире сугерира да се почне најпрво од поопшти и пошироки теми кои ги нарекува „генеративни теми“ од кои подоцна ќе произлезат поконкретни и поспецифични теми, кои понатаму се разработуваат низ практични „кодифицирани“ ситуации од секојдневниот живот.

Уште при самиот почеток, пред да го креира својот метод на описменување, Фреире ја отфрла хипотезата за механичко стекнување вештини за читање, пишување и сметање и го прифаќа проблемскиот пристап во описменувањето на возрасните, кој во целост одговара со карактеристиките за учење кај возрасните ученици. Имено тој вели: „Како што возрасните ги разбираат феномените претставени во проблемските ситуации, така ги разбираат и нивните каузални врски. Колку повеќе ќе ја прифатат каузалноста (причинско-последичните врски), толку повеќе ќе можат да изградат критички однос кон реалноста“.[1]

*Кодирањето* на програмските содржини претставува визуелна репрезентација на една егзистенцијална ситуација која прикажува неколку конститутивни елементи во интеракција. *Декодирањето*, кое го вршат возрасните ученици, претставува анализа на кодираната ситуација низ дијалог со едукаторот и останатите членови на групата.

**Заклучок**

Во современото општество кое е базирано на знаење (knowledge-based society), кое претставува сложен и динамичен социјален систем, неписменоста претставува проблем кој го инхибира да се развива и да напредува, што понатаму се рефлектира и врз личниот напредок и развој на индивидуите кои живеат во него.

Денес, потребата од засилување на напорите за вклучување на возрасните во процесот на описменување и нивно активно инволвирање во процесот на стекнување базично образование, во Република Македонија претставува еден од најзначајните приоритети во областа на образованието на возрасните. Поради тоа, изминатата деценија во Република Македонија се карактеризира со зголемени заложби за реформирање на образованието на сите степени, вклучувајќи го образованието на возрасните. За таа цел изготвени беа голем број стратегиски, законски и оперативни документи меѓу кои од најголема важност се издвојуваат: *Националната програма за развој на образованието 2005-2015* и *Законот за образованието на возрасните*, како и формирањето на посебни државни тела за образование на возрасни (*ЈУ Центар за образование на возрасни* и *Совет за образование на возрасни*).

Меѓутоа, сé додека лаички и паушално се третира „лажната“ едноставност на проблемите поврзани со образованието на возрасните и мислењето дека тие можат многу лесно да се решат, обесхрабрувачки ќе бидат резултатите на оние кои се бават со нив. Образовните проблеми на возрасните се многу покомплексни отколку што се чинат. Токму поради тоа, неписменоста сè уште претставува траен проблем со кој се соочуваат и најразвиените земји, па и Република Македонија. Сé додека неписменоста како најадекватен пример за образовна нееднаквост и општествена ексклузија не е третирана соодветно, неможно е да се очекува успешен развој на образованието на возрасните во целина.

Писменоста, според Фреире, не треба да се сфаќа само како еквивалент за еманципација на луѓето. Таа е поограничен, но суштински предуслов за впуштање во борбата за значење и моќ. Да се биде писмен, не значи да се биде слободен, туку да се биде присутен и активен во борбата за враќање и воспоставување на сопствениот глас, историја и иднина. Писменоста го обезбедува основниот предуслов за организирање и разбирање на општествено конструираната природа на субјективност и искуство, како и за оценување на тоа како знаењето, моќта и социјалните односи можат да бидат колективно фалсификувани во служба на демократското општество и желбите на богатите и моќните.

Гледана во поширока смисла, писменоста според Фреире не само што овозможува стекнување на педагошки вештини и критичка анализа, таа, исто така, станува двигател за преиспитување на општествените дефиниции за пол, раса, класа, итн., како историски и општествени конструкти. Неписменоста, пак, како антоним на писменоста и нејзина суштинска спротивност, го

[1] Freire, P. (2008), *Education for Critical Consciousness*, London: Continuum, стр. 39.

означува нивото на политичко и интелектуално незнаење и можен класен, полов, расен или културен отпор. Таа се однесува и на функционалната неспособност или отпор на луѓето да го читаат на критички начин зборот и нивниот живот.

Едно од насилствата предизвикано со неписменоста е и задушувањето на свеста и експресијата на луѓето кои се оневозможени да читаат и пишуваат, лимитирајќи ја нивната можност да пишуваат за нивниот поглед на светот (за кое Фреире фигуративно вели - читање на светот). Дури и доколку неписменоста не ги збрише сите општествено креирани врски меѓу јазикот, мислата и реалноста таа, сепак, е пречка во постигнувањето на активно граѓанство и како таква, треба да ѝ се даде соодветно место на листата на образовни приоритети.

## References


Freire, P. (1987), *Literacy: Reading the Word and the World*, Westport: Bergin and Garvey, стр.151.

Freire, P. (2008), *Education for critical consciousness*, London: Continuum.

Freire, P. (2009), *Pedagogy of the Oppressed*, London: Continuum. стр.72

Mainheim, K. (1999), *Diagnosis of our time*, London: Routledge.

McLaughlin, M., DeVoogd, G. L. (2004). *Critical Literacy: Enhancing Students' Comprehension of Text.* New York: Scholastic.

UNESCO Institute for Statistics (2011), *Education Indicators and Data Analyses*, UNESCO.

Велковски, З. (2005), Lacrimae mundi, Скопје: Педагошки завод на Р. Македонија.

Министерство за образование и наука на Република Македонија. (2008). *Закон за образование на возрасните*, Членови 17 и 18, Службен весник на Република Македонија бр. 7/08.

Национален извештај – *Развој и состојби во образованието и обуката на возрасните во Република Македонија,* CONFINTEA VI, Шеста меѓународна конференција за образование на возрасни, 2008, стр. 41.

Ризова, Е. (2015), *Возрасните и писменоста*, Скопје: Филозофски факултет – Скопје.